Врз основа на член 93 став (6) од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 19 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на барање за промена на категорија на приклучок**

1. Се одобрува барањето на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр.12-2312/1 од 16 ноември 2020 година за промена на категорија на приклучок на НЛБ Банка АД Скопје, со ЕДБ 4030993191133 и тоа:
   - место на потрошувачка бр. 104310696010,
   - адреса на мерно место: Карпош, Скопје,
   - постоечка категорија на приклучок: LV2,
   - нова категорија на приклучок: LV1.2,
   - напонско ниво на мерење: низок напон и
   - локација на мерење: низок напон посебен извод до ТС.

2. Се задолжува Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да ја ажурира листата од член 93 став (3) точка 5) од Законот за енергетика* за промената на категорија на приклучок од LV2 во LV1.2 на потрошувачот на НЛБ Банка АД Скопје и посебно да ја наведе причината за промена на категоријата на приклучокот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, врз основа на член 93 став (6) од Законот за енергетика*, достави до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија Барање за одобрување на промена на категорија на приклучок бр. 12-2312/1 16 ноември од 2020 година.

Барањето се однесува на промена на категорија на приклучок од LV2 во LV1.2 на потрошувачот НЛБ Банка АД Скопје, место на потрошувачка бр. 104310696010 и адреса на мерно место Карпош, Скопје.

Барањето е поднесено како резултат на планирана дислокација од страна на Операторот на електродистрибутивниот систем на мерната опрема до ТС, која моментално е поставена во објектот на корисникот, на самостоен извод наменет само за корисникот. Со оглед на тоа дека во постоечката евиденција на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје ова мерно место има категорија на приклучок LV2, побарано е да се направи корекција на категоријата на приклучок во LV1.2. Поради ова потребно е да се промени категоријата на приклучок за ова мерно место од LV2 во LV1.2. Во прилог на барањето Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје достави ГИС скица и информација дека мерното место не е во постапка на промена на снабдувач. Поради недостапност на мерното место при техничка контрола во прилог на барањето нема слики.

Имајќи го во предвид горенаведеното, како и член 4 став (2) точка 4) од Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија на потрошувачите приклучени на електродистрибутивниот систем на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.

271/20) согласно кој, во категоријата LV1.2 припаѓаат нисконапонски приклучоци преку кои електричната енергија се презема директно од нисконапонски собирници во трансформаторските станици на среден напон/низок напон, при што мерењето на испорачаната електрична енергија може да биде и на објектот на потрошувачот, доколку на изводот нема приклучено друг потрошувач, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-2312/2**
**19 ноември 2020 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија**
**за енергетика и водни услуги на**
**Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**